Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

**Ип. 1 бр. 57-4**
**Датум: 30.1.2020 г.**

Архивски знак:________________ год.
Рок на чување:________________
20____ год.
Потпис,

Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура преку Маја Митревска, виш инспектор со службена легитимација број 004, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Здружение-Македонска асоцијација на издавачи од Скопје, со деловно седиште на ул. во Скопје, застапувано од – претседател – со ЕМБГ: и со Записник Ип. 1 бр. 57-4 од 28.1.2020 година ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 85 точка 1 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), го донесе следново

## Р Е Ш Е Н И Е

1) СЕ НАРЕДУВА на Здружението – Македонска асоцијација на издавачи од Скопје, да изврши исплата на средствата за закуп на штанд на странскиот доверител, согласно со Договорот бр. 33-4391/1 од 9.4.2019 година и Анекс на договорот бр. 33-4391/5 од 10.12.2019 година за учество во финасирање на Проектот - Преставување на Република Северна Македонија на меѓународниот саем на книгата во Франкфурт, Германија, од национален интерес во културата од областа на меѓународната соработка за 2019 година и Оперативниот и финасиски план кој што е составен дел на Договорот, и со член 66 став (2) од Законот за културата.

2)Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 од ова решение изнесува 15 дена од приемот на Решението.

3)Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1 од ова решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk

**О б р а з л о ж е н и е**

Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура, врз основа на член 68 став (1) и член 82 став (1) од Законот за културата, преку Маја Митревска, виш инспектор со службена легитимација бр. 004, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Здружение – Македонска асоцијација на издавачи од Скопје со деловно седиште на ул. во Скопје, застапувано од – претседател – со ЕМБГ: , и состави Записник Ип. 1 бр. 57-4 од 28.1.2020 година, во кој е констатирано: дека од преведените 2.702.989 денари за Проектот - Проектот „Преставување на Република Северна Македонија на меѓународниот саем на книгата во Франкфурт, Германија", Здружението наменски потрошило 1.752.599 денари, додека сеуште има ненамирена обврска за Закуп на штанд, која што е предвидена во Договорот, Анекс-договорот и Оперативниот и финасиски план кој што е составен дел од Договорот, а што е обврска по член 68 став (2) од ЗК.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение незадоволната странка може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Решено во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура под број Ип. 1 бр. 57-4 од 30.1.2020 година.

Виш инспектор
со службена легитимација број 004,
Маја Митревска


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk